# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 7, година LII
Среда, 05.05.2021
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на ЈЗУ Здравствен Дом „Д-р Хаим Абравенел", Битола**

1. Ја објавувам за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на ЈЗУ Здравствен Дом „Д-р Хаим Абравенел", Битола, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 05.05.2021 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-388/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 05.05.2021 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | м-р Наташа Петровска |

Врз основа на член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Сл. Весник на Република Македонија бр.78/15,106/15, 153/2015, 190/16 и 21/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.101/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Република Македонија бр.05/02) и член 70 од Статутот на општина Битола („Службен гласник на општина Битола" 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на општина Битола на Вонредната седница одржана на 05.05.2021год., донесе

**О Д Л У К А**
**за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на ЈЗУ Здравствен Дом „Д-р Хаим Абравенел", Битола**

**Член 1**

Со оваа Одлука престанува правото на времено користење на СОМУ д-р „Јован Калаузи„ Битола на недвижните ствари сопственост на Општина Битола што претставува

– објект застроен на КП бр. 16850/1 на ул. И.Л.Рибар зграда 4 со намена на зграда Д3 влез 1 кат 1 бр 1 со површина од 1171 м2

– објект застроен на КП бр. 16850/1 на ул. И.Л.Рибар зграда 4 со намена на зграда Д3 влез 1 кат1 бр 1 со површина од 222 м2 запишани во имотен лист бр. 26387 за КО Битола 1/2 .

**Член 2**

Недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука се даваат на времено користење без надоместок на ЈЗУ Здравствен Дом „Д-р Хаим Абравенел„Битола заради формирање на регионални вакцинални пунктови за масовна вакцинација на населението против Ковид-19, согласно Планот за отварање на

регионални пунктови за вакцинација против Ковид -19 од масовен карактер.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во Службен Гласник на Општина Битола„

Бр.09-53/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.05.2021 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари без надоместок на ЈЗУ Здравствен Дом „Д-р Хаим Абравенел“, Битола................................................ 1

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211